ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1953/2
01.04.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1953/1 од 26.03.2025 година, поднесено од баратело[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1953/1 од 26.03.2025 година, поднесено од барателот[redacted]ес, со кое се бара информации од јавен карактер:

- „дали малото мовче во Велес има извршено технички прием и доколку има да му ја доставиме целокупната документација за неговиот технички прием во електронска форма, **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

II.Имателот на информации Општина Велес го известува баратело[redacted]дека Општина Велес согласно евиденцијата на документација со која во моментот располага, нема информација за техничкиот прием за малото мовче и не располага со техничка документација за истото од причина што никој од моментално вработените службени лица во Одделението за комунални работи во Општина Велес не учествувал во техничкиот прием на истото и поради тоа не е во можност да Ви обезбеди увид во бараната документација. За информацијата која е предмет на Вашето барање можете да проверите до подрачното одделение во Велес на Историскиот архив на РСМ.

Во случај кога имателот Општина Велес располага со техничка документација, истата не ја доставува на барателот во електронска форма туку му овозможува увид во истата во просториите на Општина Велес.

## Образложение

Барателот[redacted]до имателот на информации Општина Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1953/1 од 26.03.2025 година, со кое побара да му се достави информација -„дали малото мовче во Велес има извршено технички прием и доколку има да му ја доставиме целокупната документација за неговиот технички прием во електронска форма.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер во законски определениот рок согласно член 3, став 1, алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), и констатираа дека барањето се однесува на информации од јавен карактер.

По добиените информации од Одделението за комунални дејности и сообраќај при Општина Велес дека вработените службени лица во Одделението немаат информација за техничкиот прием за малото мовче и не располагаат со техничка документација за истото од причина што никој од нив не учествувал во техничкиот прием на истото, имателот на информации Општина Велес не е во можност да му обезбеди увид во бараната документација. За информацијата која е предмет на барањето можело барателот да провери во подрачното одделение во Велес на Историскиот архив на РСМ.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*